**20170460900**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 1 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката на регистрација на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/09 и 28/17) во член 6 став 1 во точката 1 зборовите: „(приложениот странски купопродажен договор кој е потпишан од страна на лице-продавач на возилото од странство и од страна на лице-купувач на возилото од Република Македонија, не е заверен во странската држава од каде е купено возилото од страна на нотар, суд, општина или надлежен орган за регистрација на возила, односно лице купувач на возилото на кои им е издадена лична карта за странец во Република Македонија)“ се бришат.

Во точката 9 зборовите: „со лична карта за странец“ се заменуваат со зборовите: „на кое му е издадена дозвола за привремен или постојан престој во Република Македонија“.

Во ставот 2 зборовите: „издадено одобрение“ се заменуваат со зборовите: „издадена дозвола“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1.1-24271/1
10 април 2017 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Агим Нухиу**, с.р.